ПРИРАЧНИК
за
ФИЛМАЦИИ

издание на Друштво на филмските
работници на Македонија



ПРИРАЧНИК
за
ФИЛМАЏИИ

ДФРМ 2020


ДФРМ

СОДРЖИНА

- ВОВЕД 5
- БЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ 7
- ПРОФИЛ НА ДФРМ 9
- ФИЛМСКИ РАБОТНИК 12
- ФИЛМСКИ КРЕДИТИ, номенклатура 16
- ФИЛМСКИ ТЕРМИНИ (македонско-англиски) 46
- ФИЛМСКИ ТЕРМИНИ (англиско-македонски) 68


ДФРМ

ВОВЕД

Драги филмаџии,

Во пресрет на големиот јубилеј, 70 години од основањето на Друштвото на филмски работници на Македонија, пред вас е првото издание на „Прирачникот за филмаџии".

Во време кога македонскиот филм, како никогаш досега успева да се пласира на врвните и најпрестижни светски филмски случувања, а тој успех не е инцидентен, туку е резултат на препознавањето на вистинските вредности, врвниот професионализам и на уметничката посветеност, ние и понатаму се соочуваме со проблемот на недостиг на јасно дефинирани постулати и стандарди во професионалната филмска продукција. Статусот на филмскиот работник, нашите права и обврски, систематизацијата и субординацијата во процесот на производство на филм, а посебно, јазичното стандардизирање на филмската терминологија и номенклатура, и по седум децении останаа вон пропишаните норми и акти, кои впрочем треба да претставуваат фундамент врз кој ќе се потпира националната кинематографија.

Од овие причини, како еден вид иницијатива за нов почеток кон писмено стандардизирање, хармонизирање и осовременување на македонската филмска продукција, ја создадовме оваа „книшка" насловена „Прирачник за филмаџии". Искрено верувам дека му е потребна секому од нас, филмските работници, автори и продуценти, но и на оние кои се образуваат и сонуваат да го освојат големиот екран. „Прирачникот за филмаџии" ќе ни биде при рака за да одговори на многу прашања поврзани со процесот на дефинирање и разбирање на сложената филмска структура и технологија.

Друштвото на филмски работници на Македонија останува посветено на подобрување на условите за производство на филм, на Фестивалот „Браќа Манаки", манифестацијата „Златна рамка", на активното учество во ИМАГО и ФЕРА, на изборот на национален кандидат за наградата Оскар. Сепак, наша примарна обврска е, и ќе остане – филмскиот работник.

Ова наше прво издание нека значи потврда дека како и досега, така и во годините пред нас, филмскиот работник, неговиот општествен статус, неговите права и обврски, придобивки и проблеми, остануваат наш врвен приоритет.

Ви посакувам добра работа и вонредни филмски остварувања, успех за сите нас и за нашите филмови!

Скопје, 14.2.2020
Игор Иванов, претседател на ДФРМ


ДФРМ

БЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ

Што е Прирачникот за филмаџии?

Прирачникот за филмскиот работник во вашите раце содржи јасно дефинирани стандарди за правата и обврските на филмскиот работник.

Идејата за издавањето на оваа брошура потекна од интенцијата на раководството на Друштвото на филмските работници на Македонија (ДФРМ) за првпат да издаде своевиден „буквар" на филмските работници, со опис на филмската субординација, опис на професионалните обврски на секоја од позициите, правата на филмскиот работник, работното време, правото на квалитетни оброци, пауза, одмор и слично.

Оваа мала книшка е изготвена според важечките законски акти, правата и должностите на филмските работници и светски прифатените норми за нашата професија.

Прирачникот за филмскиот работник содржи морален кодекс на однесување, низа практични информации, како и основен глосар на филмските термини на македонски и на англиски јазик.

Заинтересираните филмски професионалци, актуелни и идни членови на ДРФМ, во секој момент имаат пристап на интернет-страницата на ДРФМ www.dfrm.org.mk, каде што преку постојните линкови имаат увид во Статутот на ДФРМ, Законот за филмска дејност и во Историјатот на Друштвото на филмските работници.

Подготовката на прирачникот се раководеше од приопштувањето на содржините и толкувањето на термините на јазик разбирлив за секого, проследени со илустративни примери.

Преводот и толкувањето на терминологијата и технологијата на филмската индустрија се базира на споредување на неколку извори.

За подготовка на Прирачникот за филмскиот работник е користена следнава литература:

Glossary, New York Film Academy, онлајн издание

Џон ГАРТЕНБЕРГ, ***Речник на филмографски термини на Меѓународната федерација на филмските архиви (ФИАФ);*** Jon GARTENBERG, Glosssary of Filmographic Terms, International Federation of Film Archives (FIAF), Брисел, 1989

Глосар на филмот: Индекс на филмски термини (Glosar filma: Indeks filmskih termina), Sineast, Sarajevo/ Danlit, Beograd, 1989

Стефан СИДОВСКИ, ***Филмскиот кадар и неговата естетска суштина,*** Епоха/Кинотека на Македонија, Скопје, 1995

Лексикон на филмски и телевизиски поими (Leksikon filmskih i televizijskih pojmova), Naučna knjiga/Univerzitet umetnosti u Beogradu, 1993

Душан СТОЈАНОВИЌ, ***Лексикон на филмските теоретичари*** (Leksikon filmskih teoretičara), Naučna knjiga/Institut za film, Beograd 1991

Благоја КУНОВСКИ ДОРЕ, ***70 години ДФРМ/ДФПМ-Друштвото на филмските работници на Македонија/Друштвото на филмските професионалци на Македонија,*** Скопје, 2019

С.С.



ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА (ДФРМ)

Друштвото на филмските работници е Здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на филмски работници кои работат во Република Северна Македонија и се темели на важноста на заедничкото дејствување во насока на остварување на заедничките професионални цели и интереси утврдени со Статутот на Друштвото.

Друштвото на филмски работници на Македонија е основано на 21.5.1950 година, а денес тоа е независно, самостојно, невладино, непартиско и непрофитно здружение на филмски работници.

Обезбедувањето континуитет во филмското творештво, како и зголемувањето на квалитетот и квантитетот на филмската продукција се водечките премиси на кои се темели мисијата на ДФРМ, заедно со интернационално промовирање на македонската кинематографија, поттикнување и промовирање на креативната слобода, афирмирањето на филмската професија, уметност и култура.

Покрај ова, Друштвото е активно во формирањето на стручните и јавните ставови за реалната состојба на кинематографијата во Македонија и надвор, покренува иницијатива за членување на претставник на Друштвото во Управниот одбор на НУ Агенција за филм на РСМ, Управниот одбор на Кинотека на Северна Македонија, Советот за култура при Министерството за култура на Република Северна Македонија, работни тела, комисии, како и сите други релевантни органи и институции, организации и манифестации директно или индиректно поврзани со областа на делување на Друштвото.

Го организира Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“ и како негов основач се грижи за неговиот континуитет и за доследно остварување на целите на Фестивалот. Во рамките на ИФФК „Браќа Манаки“, Друштвото од 2013 година ја доделува наградата „Голема ѕвезда на македонскиот филм“ за исклучителен придонес во македонската кинематографија.

Од 2019 г. ДФРМ ја организира и филмската ревија „Златна рамка“, која претставува увид и приказ на реализираните македонски филмови во една календарска година. Примарната цел е на македонската публика да ѝ се прикаже јасна слика за филмската дејност која е поддржана од Агенцијата за филм на РСМ, односно од буџетските средства.

ДФРМ се залага за заштита на професионалните права на филмските професионалци согласно закон, зачувување на достоинството и угледот на

филмските професионалци, иницира законска заштита која го регулира пензиското, инвалидско и здравственото осигурување на слободните филмски професионалци.

Предлага кандидати од сферата на филмската уметност за национални и меѓународни награди од областа на културата, а избира и македонски кандидат за наградата Оскар на Американската академија за уметност, во категоријата за најдобар филм од неанглиско говорно подрачје.

Членувањето во Друштвото е доброволно, а членови на Друштвото можат да бидат филмски работници, но и физичките лица кои не се занимаваат активно со филм, а учествуваат повремено во работата на филм.

ДФРМ има, симболично, два почетока: оној пионерскиот во 1950 година, и вториот, по осамостојувањето на нашата држава во 1991 година. ДФРМ во своите редови ги здружи сите технички и кретивни профили, кои се обединија во заедничкото континуирано развивање и градење на македонската кинематографија, преку продуцентската куќа ВАРДАР ФИЛМ, за која се врзуваат неколку децении интензивна филмска продукција со бележити резултати.

Континуирана функција на Друштвото е грижата за создавање квалитетни филмски работници преку обука и школување нови кадри, нивно стручно градење и усовршување, како и заштита на професионалните права и интереси на сите членови, кои својата припадност кон ДФРМ ја верификуваат преку редовно платената членарина.

На членовите на ДФРМ им е загарантирано учеството и гласањето на редовните годишни собранија, кога членството го бира својот претседател (со 4-годишен мандат со право на реизбор) и другите организациски органи.

Најзначајниот сегмент од домашната кинематографија, во што ДФРМ го фокусираше своето професионално внимание, беше и останува филмската продукција во сите форми и категории, од краткометражниот и долгометражниот игран филм, преку краткиот и целовечерниот документарен, до анимираниот филм.

Со основањето на Агенцијата за филм – како наследник на Филмскиот фонд, ДФРМ и неговото професионално членство се трудат да имаат поголем удел во неговото работење, пред сè застапеност на разни профили, продуценти, сценаристи, режисери, кинематографери и други, кои со тоа учество гледаат поголема сигурност во филмската продукција, како и во креирањето на генералната кинематографска политика.

Со заемната соработка, треба да се гради стратегија за повеќе нови и квалитетни уметнички дела во сите категории и жанрови, со кои ДФРМ ќе влијае

врз уште поголемата афирмација и презентација на македонскиот филм во странство, пред сè преку учество на фестивали и размена во билатералата на културна презентација со други светски кинематографии.

Друштвото води Регистар на членови и евиденција на членовите на органите, којшто е јавен и се објавува на официјалната веб-страница на Друштвото, www.dfrm.org.mk. Податоците за Регистарот на членовите, Друштвото ги ажурира најмалку еднаш на 2 (две) години. Друштвото ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите, кои тоа го побарале.

Членот на ДФРМ треба совесно да ја извршува својата должност во рамките на својот капацитет, секогаш во согласност со општо прифатените професионални норми и стандарди, да не потпишува Договор за ангажман спротивно на Кодексот на Друштвото, да придонесува кон заложбите на Друштвото за афирмација на македонскиот филм и неговите вредности, да ги поддржува и да помага во оформувањето и школувањето/едуцирањето на новите кадри од поновите генерации.

Заради подобра координација и професионална застапеност на интересите и правата на специјализирани групи филмски професионалци, како и за размена на искуства и заедничко дејствување во областите на својата професионална специјализираност, во Друштвото постојат сектори на филмски професионалци.

Во рамките на Друштвото делуваат 6 сектори кои ги сочинуваат филмски работници од исти или приближно исти звања и тоа:

– Сектор на режија;

– Сектор на продукција;

– Сектор на сценографија, костимографија и шминка;

– Сектор на монтажа и тон;

– Сектор на анимиран филм;

– Сектор на камера.





ФИЛМСКИ РАБОТНИК

Филмски работник е секое физичко лице кое учествува во процесот на креирање на филмско или друго аудиовизуелно дело, на која било авторска или техничка позиција, во согласност со одредбите на Статутот на ДФРМ, Кодексот на професии на ДФРМ и останатите правилници и акти на ДФРМ.

Член на здружението може да биде секој филмски работник кој има едно од звањата добиени врз основа на Кодексот на Друштвото:

- сценарист, драматург;
- режисер, помошник на режисер, прв асистент на режисер, секретар на режисерот;
- директор на фотографија, снимател на игран филм (швенкер), снимател на краток филм, прв асистент на камера (шарфер), втор асистент на камера, снимател на трикови, главен осветлител (мајстор на светло), осветлител, филмски фотограф, фар-мајстор (фарист), асистент на фар-мајстор, оператор на доли/кран;
- сценограф (дизајнер на продукција), сценограф на филмската опрема (арт-директор), филмски архитект, асистент на сценограф (сет-дресер), асистент на сценограф на филмска опрема, изведувач на градба (објекти)/градежен координатор, мајстор на специјални ефекти, пиротехничар (асистент на мајсторот на специјални ефекти), оружар, реквизитер-набавувач, сликар на декорот, филмски декоратор, сценски работник, сценски реквизитер;
- костимограф, асистент на костимограф, гардеробер, помошник-гардеробер (гардеробер на сет), изведувач на костими (мајстор кројач);
- сликар (дизајнер) на маски, маскер, помошник-маскер (шминкер), перикер;
- композитор, монтажер на звук, музички соработник, изведувач на звучни ефекти;
- тонски снимател (снимател на звук/тонец/инженер за звук), асистент на

тонски снимател (микроман); втор асистент на снимател на звук;

- монтажер, асистент на монтажер;
- директор на филм, помошник-директор на филм, водач на снимање, организатор, помошник-организатор, секретар на филмска екипа, организатор на пласман во производната организација, продуцент и извршен продуцент;
- сценарист на анимиран филм, режисер на анимиран филм, главен цртач, главен аниматор, сценограф (сликар на позадини), фазер, колорист, копист, аниматор на филм со кукли, организатор на анимиран филм, трик-снимател, изведувач на тонски ефекти.

Друштвото на филмските работници ја препорачува усвоената добра пракса во третманот на филмските работници на снимањата на филмовите.

Иако нема пишани правила и законски акти што би ги регулирале сите детали во односите меѓу филмските работници и продуцентите, добрата пракса на ДФРМ го препорачува следново:

- Максимумот работни часови на снимањето на филм во текот на едно денонoќие изнесува 11 часа работно време, со вклучен 1 час одмор.
- Продуцентот е должен да обезбеди транспорт на филмските работници од нивните домови до местото на снимање и назад.
- Пожелно е продуцентот дополнително да ги стимулира филмските работници за работа надвор од Скопје и Македонија, да им исплаќа дневници (по договор) и да им обезбеди соодветно сместување на филмските работници.
- Продуцентот треба да им обезбеди оброк/оброци на филмските работници без разлика дали филмскиот сет е во местото на живеење на членот на екипата или не.
- Дел од хонорарите се исплаќа за време на снимањето на проектот, а дел по неговото завршување. Доколку времетраењето на ангажманот на филмскиот работник е пократок и завршува пред завршување на снимањето, неговиот хонорар се исплаќа и за време на снимањето.
- Освен осигурување на филмот, продуцентот треба да обезбеди и полиса за осигурување на членовите на филмската екипа. Членовите на филмската екипа треба да бидат осигурени од повреда на работно место, односно да ја имаат основната полиса на осигурување од повреди, болест и сл.




DIRECTOR
SCRIPT



ПРОДУКЦИСКА КУЌА, ПРОДУКЦИЈА (PRODUCTION COMPANY)

Правно лице кое е физичка база и дава административна, финансиска, креативна и правна поддршка за целокупниот процес на производство на филмот и ја прави возможна реализацијата на проектот.
Главните активности кои ги спроведува преку својот тим подразбираат обезбедување на финансиски и други средства преку достапните фондови, донации и спонзорства, приватни влогови, планирање, развој, ангажирање на таленти и ресурси, организација на филмската екипа, самото снимање, постпродукцијата, дистрибуцијата и маркетинг-активности.

СЕКТОР ПРОДУКЦИЈА (PRODUCTION DEPARTMENT)

Продуцент (Producer)

Продуцентот ја иницира, планира, организира и контролира целокупната реализација на проектот, почнувајќи од избор на сценарио, обезбедување авторски права, креативен и финасиски развој, обезбедување финансиски и други средства, избор и формирање на филмската екипа, па сè до негово комплетирање, осигурувајќи ги сите неопходни услови за производство на аудиовизуелното дело.
Вклучен е во сите фази на продукција, финансирање, маркетинг и дистрибуција. Ги контролира активностите на целокупната екипа за да го осигури завршувањето на филмот во рамките на буџетот и на временскиот план, согласно со пропишаните законски регулативи и утврдените уметнички и технички стандарди.

Копродуцент (Coproducer)

Член на тимот продуценти во копродукциски проект, партнер во продукцијата, кој ги има сите обврски и одговорности на Продуцент само во сегментите опфатени и точно опишани во копродукциски договор. Вклучен е во целокупниот процес на продукција придонесувајќи во креативните и финансиските аспекти на филмот во рамките на Договорот.

Извршен продуцент (Executive Producer)

Член на тимот продуценти со улога, главно, за обезбедување финансиски и други средства неопходни за реализацијата на проектот, кој овозможува тој

да влезе во продукција, а вообичаено не е вклучен во креативните и техничките аспекти на процесот на создавање на филмот.
Обврските може да варираат од финансирање или привлекување инвеститори во проектот до правни, советодавни, супервизорски и маркетинг активности.

Линиски продуцент (Line producer)

Член на тимот продуценти кој раководи со филмската екипа и го надгледува секој аспект од продукција на филмот. Вклучен е во развојот на проектот и е ангажиран за изработка на пресметки „во делот под линијата" (bellow-the-line) и за разработка на планови што ќе овозможат Продукцијата да остане во рамките на предвидените трошоци. Ги надгледува трошоците во рамките на буџетот и активностите во текот на претпродукцијата и снимањето, вклучително и организацијата на канцеларијата, изборот и ангажирањето на членовите на екипата, преговарањето со физички и правни лица, извидувањето и изборот на локации, активностите на секторите вклучени во снимањето.



Менаџер на продукција (Production Manager)

Ги организира деловните, финансиските и оперативните аспекти согласно барањата поставени од Продуцентот и е одговорен за непречено одвивање на сите активности неопходни за комплетна реализација на снимањето.

Изработува предлог-план на снимање, проценка на трошоците, вклучен е во преговарањето и ангажирањето на членовите на екипата, го одобрува изнајмувањето на техничката опрема, го надгледува изнајмувањето на локаците за снимање и обезбедувањето на потребните дозволи и согласности.
Има клучна улога во осигурувањето на ефикасно и ефективно работење на екипата, во рамките на буџетот и планот на снимање, и претставува главна врска помеѓу тимот продуценти и сите останати сектори кои ја сочинуваат екипата.

Менаџер на локации (Location Manager)

Одговорен е за извидување и избор на соодветни локации за снимање во согласност со сценариото и визијата на режисерот и сценографот. Организира обиколки – извидувачки и технички – на предложените и одбраните локации, ги обезбедува потребните дозволи и согласности за користење на потврдените локации во рамките на буџетот и временските планови. Дистрибуира мапи на точната локација за снимање, обезбедува соодветно место за паркинг на возилата на екипата и простор и услови за работа на сите сектори. Во текот на снимањето, одговорен е за комуникација со јавноста – надворешни посетители, сопственици на локациите и слично.

Менаџер на сет (Set manager, Unit manager)

Задолжен е да обезбеди непречено одвивање на активностите непосредно пред и за време на снимањето; да осигури дека сите барања во врска со сетот се исполнети, целокупната сценографија и техничка опрема се поставени и подготвени за снимање; да пренесува информации од Режисерот до екипата на сетот и обратно, како и да се справи со евентуални технички проблеми за време на снимањето.

Менаџер на транспорт (Transport Manager)

Задолжен е да ги утврди потребите и да го планира, организира и координира превозот и патувањата на членовите на екипата, како и транспортот на техничката опрема пред, за време на снимањето и по неговото завршување. Преку возачите, ја следи техничката исправност на сите возила заради поголема безбедност.

Координатор на продукција (Production Coordinator)

Задолжен е да ја координира и да ја следи работата на секторот Продукција и членовите на екипата во сите фази на производство на филмот, за кои тре-

ба да осигури дека работат согласно поставените барања и дадените упатства од Продукцијата.
Одговорен е за административното работење на канцеларијата, за обезбедување и пренесување на неопходните информации, комплетирање на проектна документација, следење на целокупната реализација на филмот, како и маркетинг и ПР-активности.

Асистент на координаторот на продукција (Assistant Production Coordinator)

Задолжен е да му помага на Координаторот на продукција за канцелариско работење, комуникација, комплетирање на документација и слично.



Секретар на продукција (Production Secretary)

Задолжен е да му помага на Координаторот на продукција и Менаџерот на продукција за административни работи.

Филмски сметководител (Film Accountant)

Одговорен е за целокупното финансиско работење, за кое треба да осигури дека е во согласност со законската регулатива, што вклучува водење сметководствена евиденција, изработка на финансиски пресметки, проценка на трошоците за продукција, помош при изготвувањето на буџетот, поврзување со финансиерите, управување со готовинските текови, изготвување финансиски извештаи, а по потреба и организирање независна ревизија.

Благајник (Cashier)

Задолжен е за касата и за евидентирање на дневните готовински платежни операции.

Асистент на продукција, Организатор на продукција (Production Assistant)

Задолжен е да помага во извршувањето на активностите во канцеларијата, на сетот и/или снимачката локација.

СЦЕНАРИО (SCRIPT)

Сценарист (Screenwriter, Written By)

Развива и создава сценарио, оригинално или базирано на постојно книжевно дело, по сопствени или по идеја и концепт на Режисерот и Продуцентот што го ангажира, кое понатаму е основа за снимање на филмот. Во фазата на развој, соработува со Режисерот и Продуцентот при изготвувањето на верзиите на сценариото за кои е ангажиран и е задолжен да ја изготви неопходната креативна документација поврзана со сценариото во согласност со барањата на Продукцијата. Во фазата на продукција, од Сценаристот може да биде побарано дополнително да работи со Режисерот и да ревидира или да преработи делови од сценариото.



Косценарист (co-writer)

Учествува во пишувањето на сценариото, кое е најчесто по идеја на Сценаристот. Или е ангажиран да направи верзија на сценариото, сам или во соработка со Сценаристот.

Соработник на сценарио

Слично како косценарист, но степенот на инволвираност во процесот е помал, и не учествува во пишувањето на крупните сценаристички одлуки.

Консултант за сценарио, Советник за сценарио (Script Consultant)

Прави детална анализа на напишаното сценарио и дава корисни забелешки, кои ќе ги содржат неговите ставови и сугестии, а треба да помогнат во подобрувањето на сценариото.

Скрипт доктор (Script Doctor)

Ангажиран е да направи стручни промени на напишано сценарио или да подобри одредени елементи – структурата, акцијата, ликовите, дијалогот, транзициите и сл. Како и консултантот за сценарио, обично не бара авторски кредит за направените промени.

„Читач" на сценарио (Script Analyst)

Ангажиран е да направи процена на напишаното сценарио во писмена форма која се состои од кратка евалуација на предностите и слабостите на сценариото, потоа куса оценка на приказната, премисата, развојот на ликовите, структурата и визуелната привлечност, со оценки во распон од „слабо" до „одлично", кратка содржина – синопсис и целокупно резиме на нивниот став и оценка од типот - "pass" („може да помине"), "consider" („да се разгледа") или "recommend" („се препорачува").

МУЗИКА (MUSIC)


Композитор, Автор на музика (Composer, Original Music, Music by)

Композиторот е задолжен да создаде оригинална музика која ќе биде соодветна на дејството и атмосферата во аудиовизуелното дело. Компонира, изведува, аранжира, а потоа во соработка со Режисерот ја реаранжира сè до финализирањето на филмот. Одговорен е за избор и организирање на

работата на музичкиот тим кој учествува во создавањето на оригиналната музика, кој вклучува Продуцент на музика, Монтажер на музика, Тонски инженер, Тон мајстор, Изведувачи и др.

Супервизор за музика (Music Supervisor)


Посредник меѓу продуцентот и композиторот и нивните тимови, задолжен да води преговори и да ги обезбеди правата за користење музика за потребите на филмот. Работи со Композиторот, Миксерот на звук и Монтажерот на звук, при создавањето и интегрирањето на музиката.



СЕКТОР РЕЖИЈА (DIRECTORS DEPARTMENT)

Режисер (Director)

Како водечки креативен фактор во процесот на продукција на аудиовизуелното дело задолжен е да го преточи сценариото во слика. Го дефинира стилот и структурата на аудиовизуелното дело, развивајќи оригинална визија и го одредува начинот како да ја постигне, а потоа преку ангажирање на уметничките и техничките елементи, водејќи ја целокупната екипа ја реализира таа визија, при тоа задржувајќи се во рамките на буџетот и на временските планови. Носи клучни одлуки, како избор на актери и авторска екипа, избор и усвојување на локации, продукциски дизајн (сценографија, костим, шминка, VFX), избор на кадри и монтажа на слика и звук, визуелни ефекти до добивање на финалната верзија на филмот.



Прв асистент на режија (First Assistant Director)

Задолжен е да осигури дека снимањето се одвива во временските рамки обезбедувајќи неопходна работна средина за да можат режисерот, актерите и екипата да се фокусираат на своите обврски. Тој е главната врска на секторот Режија со секторот Продукција, и им помага на Режисерот и на Директорот на филм, и во соработка со нив прави разработка на сценариото, го составува планот на снимање и ги подготвува дневните диспозиции. Го следи секојдневниот напредок на снимањето и ги контролира екипата и актерите за да обезбеди дисциплина на сет.

Втор асистент на режија (Second Assistant Director)

Задолжен е да осигури исполнување на задачите во согласност со насоките дадени од страна на Првиот асистент по режија, и под негов надзор ги изготвува дневните диспозиции и распоредот на транспорт и превоз, и одговорен е за спроведувањето на актерите во точно време на местото определено за шминка/маска и костим или на стендбај на сет.

Трет асистент на режија, Координатор на статисти (Third Assistant Director, Extras Coordinator)

Задолжен е за водење на актерите од една до друга точка, водење на статистите, надзор на продукциските асистенти и одговорен е за комуникацијата помеѓу актерите и екипата на сет.

Автор на сториборд (Storyboard)

Задолжен е за креирање сториборд, врз основа на сценариото, претставувајќи го дејството разложено по сцени (панел по панел), што дава визуелен приказ на аглите на снимање, движењата на камерата, осветлувањето, бојата, костимите, позиционирањето и движењето на актерите и сл., давајќи насоки корисни за време на снимањето.

Секретар на режија (Script and Continuity)

Задолжен е за следење на континуитетот во снимањето, водејќи детални белешки за секој снимен кадар со прибележување на дејството, костимите, позицијата на користената реквизита, сценографијата, шминката/маската и фризурата, репликите, движењето и позицијата на актерите, користени објективи и сите останати детали неопходни за повторно креирање на одредена сцена, локација или дејство, а кои ги користи екипата на сет и тимот ангажиран за постпроудкција.

Кастинг-директор (Casting Director)

Одговорен за организирање и овозможување избор на актери, сугерира уметници за кои, согласно сценариото и по консултациите со режисерот и продуцентот, смета дека ги исполнуваат нивните замисли и барања поврзани со ликовите од филмот. Задолжен за организација на аудиции и интервјуа, а по направениот избор, делува како врска помеѓу продукцијата и актерите и, доколку е агент на актерите, преговара за нивните надоместоци и ангажман или претставува врска помеѓу агентот и Продукцијата.

Кастинг на статисти (extras casting)
Ангажиран за организирање и овозможување избор на статисти за филм, работи по инструкции на Режисерот, Кастинг-директорот и Асистентите на режија.

СЕКТОР КАМЕРА (CAMERA DEPARTMENT)

Кинематографер (Cinematographer)

Задолжен е за создавање и поставување на фотографијата на филмот, при што става свој оригинален естетски потпис, носејќи креативни избори и технички одлуки клучни за визуелниот израз, во согласност со сценариото и визијата на Режисерот. Одговорен е за изборот на техничката

опрема што ќе се користи – камера, објективи, филтри, осветлување, потоа носи одлуки за движењата на камерата, форматот, бројот на кадри/слики во секунда и сл., а во насока на утврдување на индивидуалните сцени и целокупниот изглед на делото. Освен со Режисерот и Продуцентот, соработува и со секторите Сценографија, Костим, Шминка/Маска, Специјални ефекти, Визуелни ефекти. Ја планира, организира, води и надгледува работата на секторите Камера, Светло и Сцена.



Снимател (Camera Operator)

Задолжен е да ракува со камерата во текот на снимањето, одржувајќи ја композицијата и аглите во согласност со насоките дадени од Кинематограферот и Режисерот.

Прв асистент на камера, Шарфер (First Camera Assistant, Focus Puller)

Задолжен е да ја прилагоди камерата со потребниот објектив, да го регулира и задржи фокусот додека камерата снима, да акцентира одреден дел од целосниот кадар. Одговорен е за склопување на камерата на почетокот на снимачкиот ден и нејзино расклопување по завршеното снимање. Ја одржува целокупната опрема за снимање – камера, објективи, филтри, батерии, итн., како и конфигурирање на камерата и на дополнителната опрема.

Втор асистент на камера (Second Camera Assistant)

Асистент на Кинематограферот и Шарферот, кој е задолжен и одговорен за обезбедување и одржување на техничката опрема којашто ја користи

секторот Камера, поставување медиум за запис на материјалот (во зависност од технологијата на снимање: лента, мемориска картичка и др.), ракување со снимениот материјал, води белешки и писмена документација за потребите на секторот Камера, со помош од помладите асистенти на камера, доколку се вклучени во екипата.

Техничар на дигитална слика (Digital Imaging Technician)

Задолжен е за нагодување на дигиталната камера, согласно поставените барања од страна на Кинематограферот, правејќи прилагодување на достапните промени за креативно и/или техничко манипулирање со сликата. Може да биде одговорен и за архивирање и менаџирање со дигиталните податоци, за создавање компресирани дневни фајлови од снимените материјали и да направи подготовка за постпродукција.

Техничар за копирање материјал (Data Wrangler)

Задолжен за безбедно копирање и зачувување на снимениот материјал од медиумот за запис на друг медиум (хард диск, компјутер) заради архивирање и каталогизирање за понатамошна обработка.

Клапер (Clapper)

Асистент во секторот Камера кој е задолжен за подготвување и за ракување со клапата, како начин за синхронизирање на визуелните и аудиокомпонентите на снимениот материјал.

Видеоасистент (Monitor Assistant)


Задолжен е за видеоконтрола, каблирање и помош во исполнувањето на задачите во секторот Камера.

Стедикем снимател (Steadicam Operator)

Снимател специјализиран и задолжен за ракување со Steadycam опрема.

Филмски фотограф (Stills Photographer)

Задолжен е за креирањето на фотографии од текот на снимањето, кои Продукцијата ќе ги користи за сопствената архива, за промотивни и маркетиншки цели, но и за забележување на детали за континуитет и усогласеност (костими, сценографија, шминка/маска и сл.), како поддршка на дневна база на процесот на снимање, за потребите на секторот Режија.



СЕКТОР СВЕТЛО (LIGHT DEPARTMENT)

Мајстор на светло (Gaffer)

Задолжен е за реализација (а понекогаш и креирање) на планот за осветлување на филмот, со користење опрема и примена на техники на осветлување при снимањето во согласност со сценариото и поставените барања и, под директен надзор од Кинематограферот. Ја планира, организира, води и надгледува работата на секторот Светло.

Осветлител (Best Boy)

Главен асистент е на Мајсторот на светло, кој е задолжен за секојдневното работење на секторот Светло, и одговорен е за изнајмувањето, нарачувањето, попишувањето и враќањето на изнајмената опрема и ја води потребната писмена евиденција. Вклучен е во ангажирањето на електричарите, одржува работна дисциплина во рамките на секторот Светло и осигурува безбедност на сетот.

Електричар (Electrician)

Задолжен е за поставување и нагодување на опремата за осветлување, како и за снабдување на електрична енергија на сет по потреба.

Агрегатист (Genny Operator)

Задолжен е за транспорт и ракување со генератор за снабдување на сетот со електрична енергија, за потребите на сите сектори, а во согласност со

спецификацијата дадена од страна на Продукцијата, на оние локации на кои потребите ја надминуваат енергијата што е на располагање.



СЕКТОР СЦЕНА (GRIP DEPARTMENT)

Фар-мајстор (Key Grip)

Главен сценски работник кој е задолжен за поставување на техничката опрема камера и светло на сет. Истовремено, може и да извршува задачи како замена за Градежниот координатор и е резервен асистент на секторот Камера. Директно соработува со Мајсторот на светло и Кинематограферот, за дополнителната опрема која треба да ја обезбеди, транспортира и намести на сет за време на снимањето. Ја планира, организира, води и надгледува работата на секторот Сцена.

Асистент на фар-мајстор (Grip Assistant, Best Boy)


Главен асистент на Фар-мајсторот кој е претставник на секторот Сцена пред Директорот на филм и другите сектори (Режија, Светло, Камера, Сценографија, Специјални ефекти) и е одговорен за работењето и дисциплината во рамките на секторот и за безбедноста на работното место. Задолжен е да осигури дека потребната опрема е нарачана и да организира нејзин навремен транспорт на снимачката локација, како и да се справи со оштетената или неисправна опрема.

Оператор на доли/кран (Dolly/Crane Grip)

Сценски работник кој ракува со Dolly платформа или кран на коишто е поставена камерата и Кинематограферот/Снимателот.

Сценски работник (Grip)

Задолжен за поставување на држачи за опремата за осветлување и дигање на тешката опрема на сет.





СЕКТОР СЦЕНОГРАФИЈА (ART DEPARTMENT)

Дизајнер на продукција (Production Designer)

Задолжен е за ликовното обликување на филмот во согласност со сценариото, визијата на Режисерот и планот на Продуцентот. Носи одлуки за боите, темите и композициите, местата и средствата кои ќе се користат за создавање на атмосферата и за оживување на емоциите и дејството во поединечните сцени и филмот како целина. Прави истражувања за костимите, осветлувањето и можните сетови и предлага идејни решенија преку скици, планови и цртежи изработени во согласност со сценариото, а во соработка со Режисерот и Кинематограферот. Дава насоки и за дизајнот на костимите, шминката/маската, визуелните ефекти во соработка со Костимограф, Дизајнер на Шминка/Маска и другите автори.

Арт-директор, Сценограф (Art Director)

Одговорен е за ликовното осмислување на севкупниот изглед на просторот на кој ќе се одвива снимањето, за што изработува скици, цртежи и планови во согласност со сценариото и во соработка со Режисерот. Задолжен е за целокупната реализација на усвоените решенија, што подразбира изградба и/или прилагодување на просторот во кој треба да ги смести сценографските

елементи и актерите, при што работи со Сет-декораторот, Главниот реквизитер, Градежниот координатор и со останатите членови на секторот. Исто така, соработува и со Кинематограферот, Костимографот и Дизајнерот на шминка/маска. Ја планира, организира, води и надгледува работата на членовите на секторот Сценографија и учествува во пресметките на трошоците на овој сектор и е одговорен да се придржува до буџетот и временските планови.

Сет-дизајнер, Асистент на арт-директорот, Проектант (Set designer, Assistant Art Director)

Задолжен е за извршување на задачите делегирани од страна на Арт-директорот, кои главно вклучуваат: скицирање на идејни решенија, исцртување на сетови кои треба да се изградат; во тесна комуникација со секторот Конструкција како прв асистент на Арт-директорот.

Координатор на сценографија (Art Department Coordinator)

Задолжен е за административните работи во секторот Сценографија во сите фази на продукција и го помага успешното извршување на задачите, во рамките на буџетот и временските планови. Под директен надзор на Сценографот, ги координира активностите на сите членови на секторот, ја води потребната документација и е одговорен за редовна непречена комуникација во секторот и со останатите сектори.

Сет-декоратор (Set Decorator)

Задолжен е да направи избор, дизајн, изработка на мебелот и на другите сценографски елементи кои ќе бидат поставени на сетовите, согласно концептот на Сценографот. Прави разработка на сценариото, анализирајќи ги сите сцени и распределувајќи ги по сетови, го препознава креативниот концепт опишан во сценариото, кој понатаму го разработува во консултација со Сценографот, Режисерот и Продуцентот.

Сет-дресер (Set dresser)

Одговорен за сценографијата за време на снимање на филмот. Сет-дресерот ја мести и прилагодува („дресира“) сценографијата по потреба: од драперии и перници, до поместување мебел, знаци, лустери, слики итн. Соработува со кинематограферот и режисерот (и секретарот по режија) на лице место. Негови асистенти се мајсторите на сет (swing gang), а самиот тој е продолжена рака на сет-декоратерот и/или арт-директорот. Во високобуџетни филмски продукции постојат повеќе сет-дресери. Тогаш главниот сет-дресер го нарекуваат stand-by art director или on-set art director.

Главен реквизитер (Props Master)

Одговорен е за изборот, изработката, набавката и изнајмувањето на реквизитата со која актерите играат/ракуваат во сцената, според потребите зададени од сценариото, опфаќајќи ги сите предмети кои не се дел од костимот или сценографијата и сите потрошни прехранбени и други продукти.



Набавувач на реквизити (Props Buyer)

Задолжен е да направи набавка и изнајмување на целокупната реквизита, по претходна анализа на книгата на снимање, во согласност со листата на реквизита, фотографиите и/или цртежите изработени од Главниот реквизитер. Исто така, одговорен е да води евиденција за склучените договори и фактури кон трети лица.

Сценски реквизитер (Standby Props)

Задолжен е за цело времетраење на снимањето да биде на сет и одговорен е да обезбеди континуитет на реквизитата што се користи, да одговара на барањата на Режисерот, актерите и другите членови на екипата на сет во врска со ракувањето со реквизитата која се користи на сет и да води грижа за состојбата на реквизитата.

Градежен координатор (Construction coordinator)

Задолжен е да ја координира и надгледува изградбата на сите сетови, прави нарачка на материјали, ја планира работата и ги надгледува членовите на градежната екипа – столари, сликари и мајстори.

Главен столар (Head Carpenter)

Задолжен е за извршување на градежните активности и е одговорен за надзор на работата на столарите и мајсторите.

Изработувач на реквизита (Prop Maker)

Задолжен е за изработка на дел од реквизитата што се користи за снимањето на филмот, а која не може да се набави или изнајми.

Главен патинер (Key Scenic)

Главен сликар одговорен за третман со боја на површините на сетовите, користејќи методи на репродукција на боја, текстура, подготовка и патинирање, согласно барањата на Сценографот. Ја води и надгледува работата на останатите сликари.

Главен гипсар (Head of plaster)

Одговорен за раководење со екипата гипсари, кои создаваат гипсани површини на сетот, со цел рекреирање на одреден период или репродукција на одредена површина, преку изработка на леани гипсани калапи.

Графички дизајнер (Graphic designer)

Одговорен за дизајнирање и создавање графички елементи, кои вклучуваат типографија, графика за сценографски потреби и сл.

Оружар (Armorer)

Стручно лице, кое поминало посебна обука и располага со лиценца, кое е одговорно за огненото оружје што се користи при снимањето. Обврзан е да потврди дека оружјето е безбедно за користење и дека тоа може да ги постигне целите на Режисерот во однос на изгледот и функцијата, како и дека ги задоволува потребите за континуитет на продукцијата.

Дресер на животни (Animal handler)

Задолжен е за постигнување на посакуваното однесување од животното, во согласност со сценариото и барањата на Режисерот. Одговорен е да го организира и реализира транспортот на животното до и од снимачката локација, го одржува просторот каде тоа престојува и се грижи за неговата благосостојба.


СЕКТОР СПЕЦИЈАЛНИ ЕФЕКТИ (SPECIAL EFFECTS DEPARTMENT)

Супервизор за специјални ефекти (SFX Supervisor)

Задолжен е да ги осмисли и да им даде инструкции на асистентите како да ги изработат подвижните сценографски предмети и реквизита, со кои се ракува мануелно или автоматски, а со кои треба безбедно да се изведе специјален ефект, за репродуцирање на временски услови и/или други механички ефекти кои создаваат илузии и визуелни ефекти за време на снимањето сет.

Асистент за специјални ефекти (SFX Assistant)

Задолжен е да ги следи инструкциите на Супервизорот за специјални ефекти и ги изработува и поставува на сет предметите со кои треба да се изведе/создаде специјалниот ефект.





СЕКТОР КОСТИМ

Костимограф (Costume Designer)

Одговорен е за дизајнот на костимите, при што тесно соработува со Режисерот за подобро разбирање и интерпретација на ликовите. Задолжен е за изборот на ткаенини и бои, планирањето и организирањето на изработката на дизајнираните костими и за набавка или изнајмување на готови. Заради усогласување на целокупниот тоналитет на филмот се советува со Кинематограферот и шефовите на секторите Сценографија, Светло, Звук и Шминка/Маска. Ја планира, организира, води и надгледува работата на секторот Костим.

Асистент на костимографот (Assistant Costume Designer)

Задолжен е да му помага на Костимографот во текот на истражувањата и за време на подготовките, при набавката, изнајмувањето, костимските проби, прави разработка на сценариото, а во одредени ситуации може да биде одговорен и за облекување на статистите во костим.

Координатор на сектор Костим (Costume Coordinator)

Задолжен е за координирање на активностите на секторот и е одговорен за извршувањето на дневните планови, набавката и обезбедувањето на работите потребни за секторот.

Гардеробер (Wardrobe, Costumer)

Како клучен член на секторот, задолжен е да помага во гардероба за време на подготовките (при патинирањето, пробите и подготовката на костимите), а за време на снимањето на сет, одговорен е за организацијата, одржувањето и континуитетот на костимите.

Гардеробер на сет (Costume Standby)

Задолжен е да биде присутен на сет за целото времетраење на снимањето и одговорен е за надзор на состојбата на костимите и континуитетот непосредно пред и за време на снимањето и им помага на актерите при облекувањето на костимите.

Мајстор кројач (Cutter)

Главен кројач во шивалната кој работи за време на подготовките и во текот на снимањето и е задолжен за моделирање и кроење на костимите, во согласност со дизајнот и упатствата дадени од страна на Костимографот.

Шивач (Seamstress)

Задолжен да му помага на Мајсторот кројач во изведбата на костимите и прави корекции на костимите за време на снимањето.

Главен патинер (Breakdown Artist/Ager-Dyer)

Главен патинер, бојач и сликар кој е задолжен на површината на костимите да ги претстави времето, искуството, случките и местата кои претходеле на нарацијата на филмот. Најчесто се ангажира во текот на подготовките, а по потреба и во текот на снимањето.

*Во зависност од потребите на сценариото во секторот Костим се ангажираат и други позиции: Шапкар, Чевлар и други.

СЕКТОР ШМИНКА / МАСКА

Дизајнер на филмска шминка/маска (MakeUp Designer)

Задолжен е за осмислување и дизајн на филмската шминка/маска за сите главни и споредни ликови, во соработка со Режисерот, Костимографот и Сценографот, а за креирање на протетската и SFX шминка/маска се консул-

тира со Маскер за специјални ефекти или соодветен тим за изработка и нанесување на споменатите ефекти. Одговорен е за делегирање на обврски на членовите на секторот, во чиј избор учествува, како и за планирање на потребите на секторот, придржувајќи се до буџетот и временските планови.



Маскер (Makeup Artist)

Соодветно на насоките на Дизајнерот на филмска шминка/маска, задолжен е за нанесување и одржување на маската на актерите, се грижи за развојот на маската и континуитетот, согласно сценариото, а во консултација со Дизајнерот на маска.

Асистент на маскерот (Makeup Assistant)

Задолжен е за извршување на задачи делегирани од страна на Дизајнерот на шминка/маска, најчесто нанесување и одржување на маската кај помалите улоги и статисти, и помага во рамките на секторот зависно од потребите.

Специјална шминка (SFX Makeup Artist)

Задолжен е за изработка и нанесување на специјална шминка/маска или протетика на актери, цели тела (кукли) или делови од тело, согласно со насоките на Дизајнерот на шминка/маска и во соработка со Режисерот и Сценографот.

Фризер (Hair Dresser)

Задолжен е за осмислување на фризурата, во соработка со Дизајнерот на шминка/маска, согласно потребите на сценариото, како и за стилизирање на косата на актерите, со помош на своите асистенти, чија работа ја организира и надгледува. Одговорен е за континуитетот на фризурите.

Перикер (Wig Maker)

Задолжен е за изработка, фризирање, одржување и соодветно складирање на перики, бради, мустаќи, продолжетоци на косата и останати парчиња коса.


СЕКТОР ЗВУК

Снимател на звук, Тонец, Инженер за звук (Sound Recordist, Sound Engeneer)

Одговорен е за снимање на звукот на локациите/сетот и прави избор на опремата која ќе се користи, микрофоните и медиумите за снимање за секој сет. Задолжен е да изработи микс на аудиосигналите во реално време на „микс-лента" што понатаму се користи при прегледувањето на дневните снимени материјали и за време на монтажата, а понекогаш и во финалната верзија на филмот и води дневник со белешки за звукот потребни за постпродукција. Ја планира, организира, води и ја надгледува работата на секторот Звук.

Микроман (Boom Operator)

Прв асистент на снимателот на звук кој е одговорен за ракување со бум микрофон, поставување на радиомикрофони на актерите, информирање на Снимателот на звук за претстојното снимање, за проблематичните звуци кои не ќе може да бидат стишени и сл.



Втор асистент на звук (Second assistant sound)

Одговорен е за подготвување на опремата за снимање на звук на сет, додека ги следи пробите и се подготвува за следното снимање, како и за ракување со безжични аудиодоводи до Режисерот, Секретарот по режија и Продуцентите, помага во озвучување за сцените со поголем број актери, по потреба ракува со втор бум микрофон, поставува материјали за задржување на звукот на сетовите со проблематични подови или акустика и сл.

ПОСТПРОДУКЦИЈА НА СЛИКА И ЗВУК (POSTPRODUCTION OF VISUAL IMAGE AND SOUND)

Монтажер (Editor)

Има клучна улога во процесот на постпродукција и задолжен е согласно сценариото и визијата на Режисерот да ги измонтира сликата и дијалогот од снимените материјали, кои ги прегледува, селектира, преуредува и комбинира во секвенци, одредува дали одредени сцени треба да се преснимаат, сè до добивање на финалната слика. Вообичаено работи со Режисерот, а соработува со Колористот, Дизајнерот на звук и Секторот за графика и анимации. Ја организира и надгледува работата на Асистентот на монтажа.

Асистент на монтажа (Assistant Editor)

Задолжен е да ги преземе и толкува забелешките на Секретарот на режија и другата документација од екипата на сет, потоа да ги пренесе сите овие информации до Монтажерот и е одговорен за внесување на снимените материјали во софтвер за монтажа, а може и да се координира со секторот Звук во врска со звучните ефекти и музика што ќе се користи во филмот.

Продуцент за визуелни ефекти (VFX Producer)

Одговорен е за продукција на визуелните ефекти што најчесто се однесуваат на промени на сликата во постопродукција, кој во соработка со Супервизорот за визуелни ефекти, а врз основа на претходно направена разработка на сценариото, ги советува Режисерот и Продуцентот (Продуцентите) на филмот за тоа како треба да им пристапи на сцените што ќе подлежат на обработка од аспект на финансии, логистика, временска рамка и избор на тим/студио кое ќе ги изработува визуелните ефекти.



Супервизор за визуелни ефекти (VFX Supervisor)

Задолжен е за креативна и техничка супервизија на визуелните ефекти. Директно соработува со Продуцентот за визуелни ефекти и Режисерот и одговорен е да носи одлуки за најефективните и најефикасните техники кои треба да се применат со цел добивање на саканите ефекти за филмот. Го надгледува проектот за визуелни ефекти од концепт до завршување.

Артист за визуелни ефекти (VFX Artists)

Задолжен е за изработка на компјутеризирана графика и анимирани слики за филмот, најчесто како дел од тимот на еден од одделите во рамки на специјализирано студио за изработка на визуелни ефекти (моделирање, текстурирање, анимација, дигитално светло и рендерирање, композитинг, итн.)

Монтажер на визуелни ефекти (VFX Editor)

Задолжен е за инкорпорирање на креираните визуелни ефекти во постојната монтирана слика и за изработка на верзии од секој кадар, кои пред финалната монтажа ги оценуваат Супервизорот и Продуцентот за визуелни ефекти, Продуцентот и Режисерот.

Графички дизајнер (Graphic designer)

Задолжен е за дизајнирање и создавање графички елементи, кои вклучуваат дизајн на најавна и одјавна шпица и сл.

Дизајнер на подвижна графика (Motion Graphic Design)

Задолжен е за креирање подвижна графика за потребите на филмот, со користење на класични графички елементи и нивно интегрирање со елементи на време, простор и звук.
Задолжен е за супервизија на процесот на финализирање на аудиовизуленото дело, кој вклучува дигитализација и манипулација со бојата и другите карактеристики на сликата, што вообичаено е финалното креативно прилагодување на делото пред тоа да биде објавено.

Колорист (Color grading)

Задолжен е за подобрување на изгледот на сликата, за подобра презентација во различни средини на различни уреди, со примена на рачни или компјутерски процеси, преку корекција на различни атрибути: контраст, боја, сатурација и сл., вклучително и уметнички ефекти преку креативно комбинирање на бои и композитинг на различни слики.

Техничар за мастеризација (DCP Mastering)

Задолжен е за изработка на DCP-пакет од аудиовизуленото дело, по претходно направена контрола на бојата, нивото и синхронитетот на звукот, кој е финално подготвен за негово прикажување.

Дизајнер и миксер на звук (Sound Designer and Mixer)

Одговорен е да ги обезбеди сите потребни звуци кои ќе го поддржуваат дејството на сликата. Директно соработува со монтажерите на слика и звук, Снимателот на звук и Режисерот за да создаде оригинални звучни елементи и звучен запис. Има улога во осмислувањето на звукот на аудиовизуелното дело и задолжен е да го надгледува целокупниот процес на постпродукција на звукот.

Монтажер на звук (Sound Editor)

Задолжен е за креирање на звучниот запис на аудиовизуелното дело, со сечење и синхронизирање на звучните елементи – звуци и дијалог снимени на сет, атмосфери, специјални ефекти, со монтираната слика, во

аналогна или дигитална форма, и ја презентира на Инженерот за финален микс на звук.

Монтажер на дијалог (Dialogue editor)

Задолжен е за составување, синхронизирање и монтирање на целиот дијалог во звучниот запис.

Артист за звучни ефекти (Foley Artist)

Задолжен е за креирање на звучни ефекти по направената монтажа на звук, претежно движења на телото, чекори или манипулација со предмети, снимени во синхронизација со сликата, а најчесто отпаднати при монтажата, нахсинхронизацијата или незадоволително снимени звуци на сет.


Миксер на звучни ефекти (Foley Mixer)


Задолжен е да изработи микс на дополнително снимените звучни ефекти.


Инженер за финален микс на звук (Re-recording Mixer)


Задолжен е да ја изработи финалната звучна трака на филмот, работејќи со сите звучни елементи (дијалог, звучни ефекти, атмосфери и музика) кои ги комбинира. Првенствено е одговорен да осигури дека звукот е технички и стилски точен.











РЕЧНИК НА ПОБИТНИ ФИЛМСКИ ТЕРМИНИ

(македонско-англиски)

А

Авторски права на филмот – FILM RIGHTS
Агол на снимање; ракурс; точка на гледање од која е прикажан предметот на филмската фотографија – SHOOTING ANGLE (CAMERA ANGLE)
Актер(ка) – ACTOR
Актер или објект што се движи во статичен кадар; слично на актерот кога се движи на театарската сцена – IN(TO) FRAME
Акумулатор – ACCUMULATOR CELL
Акумулаторска ќелија (батерија) – WET CELL
Акција во филмот која се одвива директно во камерата – HEAD-ON SHOT
Амбиентален звук, атмосферски шум – ATMOSPHERIC NOISE
Анализа на бои – ANALYSIS OF COLOURS
Анимација во која објектите се снимаат кадар по кадар, создавајќи илузија на движење – STOPMOTION
Антихало ефект (хало – кружен, прстеновиден ореол на обоена светлина, предизвикана од рефлексија) – ANTI-HALO
Анимација – ANIMATION

Аниматор – ANIMATOR
Апарат за лепење, спојување; монтажна преса – JOINER
Артист за звучни ефекти, задолжен за креирање на звучни ефекти по направената монтажа на звук, претежно движења на телото, чекори или манипулација со предмети, снимени во синхронизација со сликата – FOLEY ARTIST
Асинхрон, несинхронизиран – NON-SYNC
Ацетатна (филмска) лента – ACETATE STOCK

Б

Барабан за пренос на ролни – SPROCKET (DRUM)
Безбојност, безбоен – ACHROMATIC
Безвучен – SOUND PROOF
Бескрајна лента (шлајфна) за нахсинхронизација – BUCKLE (IN FILM)
Беспрекорно заоблена заднина од подот до таванот која се користи на студиските сетови како позадина за сцена; често се користи за претставување на небото – CYCLORAMA
Бленда – IRIS
Блиц – FLASH
Брзо движење (на камерата) нанапред – QUICK FORWARD ACTION
Брзо движење (на камерата) наназад – QUICK REVERSE ACTION
„Брз" рез од една на друга сцена, без мазен премин – SMASH CUT TO
Брзина на снимање (на филмската камера) – SPEED OF SHOTING
Бришење – ERASING
Бришење, измена на кадри (оптички трик на сликата) со кои се постигнува впечаток дека еден кадар го истиснува другиот – WIPE
Број на сликички – NUMBER OF FRAMES
Брошура, книшка, (мал) каталог – LEAFLET
Бука (бучава, врева) – NOISE
Буџет (пресметка) – BUDGET

В

Верзија (на филмот) на странски јазик – FOREIGN VERSION
Висечко или таванско светло – OVERHEAD LIGHTING
Вертикална слика – VERTICAL IMAGE
Вертикален швенк – TILT SHOT
Вештачки дожд – RAIN EFFECT
Видно поле во кое објективот ја пренесува острата слика во капијата на камерата – FOCAL PLANE
Визир, окулар (оптичка леќа или леќи кои се најблиску до окото) – EYE-PIECE
Визир – FINDER
Визир (на камерата) – OBSERVATION PORT
Внатрешна монтажа, паралелна монтажа (менување на две различни сцени на две различни локации, сугерира паралелна акција) – CROSS-CUTTING

Воведни снимки на почетокот на епизодата, преглед на случувањата во претходната епизода на серијата – CHEATER CUT
Враќање на дејството во филмската сторија – FLASHBACK
Времетраење на експозиција – EXPOSURE TIME

Г


Генератор, извор на електрична енергија – GENERATOR
Генератор, агрегат – POWER PLANT
Глава (на магнетофонот) за снимање звук – RECORDING HEAD
Глава (на видеорикордер) за бришење – ERASING HEAD
Глава на статив – TRIPOD HEAD
Глума – ACTING
Главен глумец – FEATURE PLAYER
Главен наслов, воведна шпица на филмот – MAIN TITLE
Главно светло – KEY LIGHT
Гледач(и), посетител(и) – PATRON(S)
Говорен филм – TALKING PICTURE
Голем неисполнет простор во студиото кое се користи за изградба на сетови на отворено – BACKLOT
Голема бела позадина направена од пенеста материја (стиропор) или плоча за постер што се користи за да ја рефлектира „меката" („soft") светлина – BOUNCE BOARD
Горен (висок) агол (ракурс) на снимање – HIGH SHOOTING ANGLE
Гребач, стругач – SCRAPER
Гребнатини – SCRATCH
Грубо монтирани снимки од еден или два дена снимање (ги прегледува режисерот за да одлучи дали се потребни повторни снимања на сетот) – DAILIES
Група од единечни слики на парче филмска лента – FILMSTRIP
Губиток, оштетување – WASTE

Д

Двојна слика како штетна рефлексија – GHOSTING SHUTTER
Дијапозитив – SLIDE
Дијапозитив, прозирност – TRANSPARENCY
Дистрибуција на филм надвор од киносали (ТВ, интернет) – NON-THEATRICAL DISTRIBUTION
Дифузија, омекнување на светлото – GAUZE
Длабочина на полето, длабинска острина – DEPTH OF FOCUS
Дневна светлина – DAYLIGHT
Договор за учество во финансирање на филм – SHARING CONTRACT
„Доли", подвижна платформа, поставена на количка која се движи по шините и ја придвижува камерата; ги означува и одредените членови на екипата што оперираат со камерата, а во некои случаи тоа може да биде и режисерот – DOLLY

Должина (на филмот) – FOOTAGE
Должина на експозиција (изложување на светло) – LATITUDE OF EXPOSURE
Должина на времето на кое е изложен секој поединечен фрејм – SHUTTER (SPEED)
Должина на копирањето на филмска лента – PRINTING LENGTH
Долгометражен филм – FULL-LENGTH FILM (PICTURE)
Долен агол (ракурс) на снимање; често сцената се снима одоздола за субјектот да изгледа поголем, покрупен – LOW-ANGLE SHOT (LOW SHOOTING ANGLE)
Дополнителен игран филм – SECOND FEATURE
Дубл (на кадарот), снимка – TAKE
Дублер (за опасни сцени) – STAND-IN

Е
Еднонасочна струја – D.C. (direct current)
Екран – SCREEN
Ексклузивни права – EXCLUSIVE RIGHTS
Екстериер – EXTERIOR
Ентериер, снимање во затворен простор – INTERIOR (SHOOTING)
Емулзија – EMULSION
Експозиција, изложеност на светло – EXPOSURE



Ж

Желатин – GELATINE
Жири (комисија) – JURY
Жироскопски трокрак статив – GYRO-TRIPOD

З

Забавена акција (64-250 слики/секунда) – SLOW-MOTION (64-250 fr./sec.)
Забрзано дејствие – TIME LAPSE
Завршно снимање на крајот на денот или на крајот на продукцијата – WRAP (види и: ABBY SINGER)
Забава/прослава која по последниот ден на снимањето продукцијата ја организира за екипата на филмот – WRAP PARTY
Заглавување на филмската лента во камерата – FILM JAM
Заедничко снимање на сликата и тонот – DIRECT SOUN
Замаглен, прекриен – FOGGY
Засилување – AMPLIFICATION
Засилувач – AMPLIFIER
Заслепување – DAZZLE
Заслепување – FLARE
Затворање на блендата; завршеток на сцената со круг што се затвора почнувајќи од краевите на екранот – IRIS OUT
Затемнување – FADE OUT
Звучен систем (без бучава) – NOISLESS
Звучност, звучен – ACOUSTICS
Звук од позадина – BACKGROUNDNOISE
Звучна изолација – INSULATION
Звучни ефекти – SOUND EFFECTS
Звучни ефекти, шумови (фоли), како што се стапките и сл., во синхронизација со визуелната компонента на филмот; терминот добил име по Џек Донован Фоли, човекот што ги направил шумовите за првиот звучен филм во историјата „Џез-пејач" – FOLEY



Звучно претопување – SOUND FADE
Звучна глава, читач на звук – SOUND HEAD
Зголемување – ENLARGEMENT
Зголемување на брзината на кадрирање на камерата, така што кога снимените слики се репродуцираат со нормална фреквенција, се чини дека дејството се одвива бавно (терминот потекнува од старите филмски камери кои користеле рачка за придвижување на филмската лента) – OVERCRANKING
Зголемување на струјниот напон – VOLTAGE GAIN
Зрно (на филмската лента) – GRAIN
Зум објектив; објектив кој овозможува непречено да се снима од широк до крупен план или обратно, со менување на фокусната должина – ZOOM LENS
Зумирање; снимка во која се зголемува/доближува објектот во објективот на камерата (zoom in) или се намалува/оддалечува (zoom out/back) – ZOOM SHOT

И

Игран филм – FEATURE (FICTION) FILM
Избледување на една сцена како премин кон друга – CROSSFADE
Издвоеност од рамката (кај проекторот) – OUT OF RACK (PROJECTION)
Изострен – IN FOCUS
Изострување, изостреност на сликата – FOCUS
Индекс (каталог) на картички со информации; секоја информација е внесена на посебна картичка; подредени по азбучен ред – CARD-INDEX
Инсерт (план) дел, додаток – INSERT
Интензивен јаглен – HIGH-INTENSITY CARBON
Интернет-база на податоци IMDb (Интернет-база на податоци поврзани со филмот, телевизиските програми, домашното видео и видеоигри, интернет врски кои генерираат податоци за улогите во филмот, продукциската екипа, биографии, синопсиси на филмовите, тривијални информации, осврти на гледачи и рејтинг на филмските наслови. Услугата за членството вклучува сеопфатни информации и алатки кои се дизајнирани да им помогнат на членовите на индустријата за забава да најдат успех во сите фази од нивната кариера. Има детални информации за контакти и репрезентативни информации, алатки за управување со профили на IMDb, сеопфатни и проширени податоци од IMDb, услуга за кастинг и др. – IMDb (Internet Movie Database)
Исклучително оддалечена снимка, кога камерата е многу оддалечена од предметот - EXTREMELY LONG SHOT
Испрекинато движење – INTERMITTENT MOVEMENT
Истакнување на одредени аспекти на субјектот што се снима со користење светло – HIGHLIGHTING

Ј

Јаглероден лак (на светлина) – CARBON ARC
Јачина, интензитет – INTENSITY

К

Кабел – CABLE

Квадрат, изрез на филмска слика, сликичка, рамка – FRAME

Кадрирање, компонирање визуелна содржина на серија сликички гледано од единствена гледна точка, т. е. фиксна камера – FRAMING

Кадар од висок агол (ракурс) – HIGH-ANGLE SHOT

Кадар во движење – TRACKING SHOT

Кадар со две личности, американски план, американ – TWO SHOT

Калем (цилиндричен облик околу кој може да се намота филмска лента) – SPOOL

Калем за одмотување лента – SUPPLY SPOOL

Камера – CAMERA

Квота – QUOTA

Кинематографер – CINEMATOGRAPHER

Кинерадиографија – X-RAY CINEMATOGRAPHY

Клапа – CLAPBOARD

Книга на снимање – SHOOTING SCRIPT

Коефициент на филмската копија – PRINTER FACTOR

Количка за камера – DOLLY

Количка за камера во движење (treveling) со мал кран – VELOCITATOR

Колор-систем со три одвоени негатив филмски ленти – THREE-STRIP

Комбинирање снимки снимени во студио со позадински снимки – DUNNING

Компјутерски генерирана слика (си-џи-ај), со користење на 3D-графика и технологија за подобрување на специјалните ефекти – COMPUTER GENERATED IMAGERY (CGI)

Континуирана акција за време на снимањето, на повеќе места, без прекин – CONTINUOUS

Контраплан, снимање од спротивен агол под агол од 120 – 180 степени - REVERSE ANGLE (REVERSE SHOT)

Користење материјали (филтри, стакло, мрежа...) пред изворот на светлината за нејзино омекнување – DIFFUSION

Користење осветлување за да се потенцира најважното во кадарот – DIRECTING THE EYE

Коригирање бои, балансирање на сликата, читање на копијата – GRADE (TO); GRADING

Коригирана (прва) копија на филмот – GRADING COPY

Кран за камера – CAMERA CRANE

Краток, брз кадар, кој може да има и потсвесен ефект, некогаш може да трае еден фрејм (рамка) – FLASH CUT

Краток (игран) филм – SHORT (FEATURE)

Краток (електричен) спој – SHORT CIRCUIT

Крупен план – CLOSE UP (кратенка: CU)

Крупен план на субјектот – TIGHT ON

Контразум, снимателска техника креирана од режисерот Алфред Хичкок за

време на снимањето на неговиот филм „Вертиго“ – која вклучува „фар“ наназад и зумирање во исто време, со што се постигнува ефектот личноста или објектот во средиштето на сликата да бидат неподвижни, додека нивната околина се менува – VERTIGO EFFECT
Кутија – BOX

Л
Лабораторија – LABORATORY
Лабораторија за изработка на филмски копии – PRINTING LABORATORY
Лампа, рефлектор, расветно тело – LAMP
Ларсенов ефект; аудиофидбек, акустичен фидбек – LARSEN EFFECT
Латентна слика; слика на филмска лента во развивање којашто сè уште е нејасно видлива – LATENT IMAGE
Лаванд, сина копија (филмска лента) – LAVENDER
Лента (филмска) – STOCK
Лента со музика и ефекти – MUSIC AND EFFECTS TRACK (M&E TRACK)
Лепак за филмска лента – FILM CEMENT
Лепенка – PLYWOOD
Листа на кадри што треба да се снимаат во текот на денот, им се дава на сите членови на филмската екипа – SHOT LIST

М
Магнетофон – TAPE RECORDER
Магла, вел – FOG
Мала лампа, рефлектор – INKY
Магнетско снимање на звук – MAGNETIC SOUND RECORDING
Материјал за магнетско снимање – MAGNETIC RECORDING MEDIUM
Магнетска лента за тон – MAGNETIC TAPE
Магнетна лента (перфорирана) – MAGNETIC FILM
Макета – MODEL
Маса за миксирање – MIXING CONSOLE
Маска – MASK
Маска на филмска лента; површина без отсјај – MATT
Матрица – MATRIX
Машина за копирање на филмска лента – PRINTING MACHINE
Машина за лепење на филмска лента, преса – SPLICER
Медиум каде што се снимаат филмските слики – FILM STOCK
Метално крило (клапа) на лампата за контролирање на јачината на светлото – BARN-DOOR
„Мек“, неизострен фокус; визуелен ефект постигнат со намерно малку изместен фокус или со користење филтри – SOFT FOCUS
Мерка (плочка) за ширина на отворот на камерата преку која се регулира влезот на светлината во камерата – APERTURE (PLATE)



Метража на филмската лента; исечок од филмска лента – STRIP OF FILM
Механичка глава за придвижување на камерата (швенк) – GEARED HEAD
Микрофон – MICROPHONE
Миксирање (слика и тон) – MIX(ING)
Миксирање на делови од музиката за филмот (претходни песни, дијалози, звучни ефекти) – PRE-SCORING
Миникран (подвижен продолжеток на стативот за микрофон и камера) – BOOM
Многу крупен план, детаљ – BIG CLOSE-UP (EXTREME CLOSE-UP)
Многубојност, повеќебојност, разнобојност; се однесува на боење на објекти на филмски сет – POLYCHROMY
Многу брзо хоризонтално движење на камерата, швенк – WHIP-PAN
Модулатор, регулатор – MODULATE
Модулирана тонска лента – MODULATED TRACK
Монопак, звучен систем – MONOPACK
Монтажа – MONTAGE
Монтажа – CUTTING
Монтажа на звук – SOUND EDITING
Монтажа на филмот – PICTURE EDITING
Монтажна сала – CUTTING ROOM
Монтажа; груба, прва монтажна верзија – ROUGH CUT
Музичка лента – MUSIC TRACK

Н

Наизуст, напамет; кога актерот комплетно ги запаметил неговите и репликите на партнерите и нема потреба од сценариото за време на снимањето – OFF BOOK

Наизменична струја – A.C. (alternating current)
Намален (формат) – REDUCED
Нарација – NARRATION
Нарушување – INTERFERENCE
Наслов, натпис – TITLE (CARD)
Нахсинхронизација, постсинхронизација – POST-SCORING (POST-SYNCHRONISATION, POST-SYNC)
Негатив (лента) – NEGATIVE
Негатив на филмската слика – PICTURE NEGATIVE
Недостаток од контраст – LACK OF CONTRAST
Неекспонирана лента – NON-EXPOSED STOCK
Незапалива лента, сигурносна лента – SAFETY STOCK
Незапалива лента – NON-FLAM STOCK
Неизострено, матно – BLURRED
Неизостреност – OUT OF FOCUS
Некршлив – UNBREAKABLE
Нем филм – SILENT (FILM)
Неограничен – UNLIMITED
Неподвижен кадар, кадар снимен со неподвижна камера – STATIC SHOT
Непрозирен екран, маска – GOBO
Непрозирно платно („црнец“) – NIGGER
Непрозирен – OPAQUE
Неснимена филмска лента, чиста лента – RAW STOCK
Ниво, висина на звукот – SOUND LEVEL
Низа, серија дијапозитиви – SERIES OF SLIDES
Нова копија – NEW PRINT

О

Објектив, леќа; оптички уред што камерата го користи за фокусирање (пренесување) на сликата на дигиталната или аналогната (лента) филмска подлога – LENS
Објектив – OBJECTIVE
Објектив со променлива фокусна должина; зум објектив – OBJECTIVE LENS WITH VARIABLE FOCAL LENGHT
Облога за впивање на можните несакани звуци на (вклучена) камера – BLIMP
Обновување – RECONSTRUCTION
Одлучување каде ќе се движат и ќе стојат актерите за да може да се постават осветлувањето и камерата – BLOCKING
Одржување – MAINTENANCE
Ознака (означување) за синхроност – MARK(ING)
Опна, мембрана – MEMBRANE
Опрема за камерата – CAMERA EQUIPMENT
Оптички звук – OPTICAL SOUND

Оптичка оска – OPTICAL AXIS
Општ план, ја зафаќа целината на филмскиот декор, без оглед на личностите што учествуваат во него – LONG SHOT (LS)
Осигурување на филмската продукција (производство) – FILM PRODUCER'S INDEMNITY INS.
Оски на акција; се користи и терминот "180° линија" за опишување имагинарна линија која поминува низ двата главни актери на сцената и ги дефинира просторните односи на сите елементи на сцената како десно или лево – AXIS OF ACTION
Ортохроматска емулзија – ORTHOCHROMATIC EMULSION
Опрема – OUTFIT
Оригинална (изворна) развиена филмска лента – POSITIVE PRINT
Осетливост на емулзијата – EMULSION SPEED
Острина, бистрина – SHARPNESS
Отпадоци (исечоци) од филмска лента – WASTE FILM
Отпорен на киселини – ACID-PROOF
Оценувач, испитувач на филмската лента – FILM EXAMINER
Оштетување кое настанува поради неправилното движење на тонската лента за време на репродукцијата – WOW
Оштетување на филмската лента – FILM DETERIORATION

П

Панорамски кадар, хоризонтална панорама, камерата снима вртејќи се околу нејзината вертикална оска – PANNING SHOT (PAN SHOT)
Панорамска снимка и снимка во „фар"/„возење" (камерата за време на снимањето се движи и го напушта своето првобитно место) – TRAVELLING AND PAN SHOT



Панхроматски филм, осетлив на сите видливи бои од спектарот – PANCHROMATIC (FILM)
Паралакса, разлика на видните правци на ист предмет – PARALLAX
Патни трошоци – TRAVEL COSTS
Патописен туристички филм – TRAVELOGUE
Перфорирана филмска лента – PERFORATED FILM
Перфорација – PERFORATION
Перфорирана филмска лента по едниот раб – SINGLE-PERFORATED FILM
Перфорација, перфорирање – SPROCKET-HOLE
План на снимање – SHOOTING SCHEDULE
Планирани, а неостварени кинопретстави – UNMATURATED BOOKINGS
Пластика – PLASTICS
Податоци за филмот – DATA
Подлога, дршка – BRACKET
Полусенка – HALF-SHADOW
Позадина на насловот, натписот – TITLE BACKGROUND
Позитив (филмска лента) – POSITIVE
Позитив снимка на звукот – SOUND POSITIVE
Постер, плакат – POSTER
Постепено појавување (осветлување) на сликата или зголемување на тонот (умиксување) – FADE IN
Постепено избледување (затемнување) на сликата, смалување на тонот (измиксување) – FADE OUT
Постојаност – STEADINESS
Претопување (на сликата) – DISSOLVE
Претставување (на филм), прикажување, играње на улогата – PERFORMANCE (FILM)
Претходно снимени кадри, најчесто од историски настани, кои можат да се монтираат во филмот – STOCK SHOT
Прикажувачки права – EXHIBITION RIGHTS
Проектор на дијапозитиви – SLIDE-PROJECTOR
Приклучок – PLUG
(Прет)последна снимка во текот на денот; именуван според продукцискиот менаџер Еби Сингер, кој често повикувал за „последна снимка на денот (се користи и терминот „the martini shot", во смисла дека се оди на пијалак по завршната снимка во денот) – ABBY SINGER
Премин од светло во темно и обратно; тонски премин од гласно во тивко и обратно – FADE
Променлив агол на снимање – VARIABLE ANGLE
Првична комплетно монтирана верзија на филмот без интервенции од страна на продуцентите и(ли) студијата – DIRECTOR'S CUT
Преведувач – TRANSLATOR
Преглед на филмската лента – FILM EXAMINATION



Преекпониран – OVER-EXPOSED
Преекпозиција – OVER-EXPOSURE
Пренос, пренесување; се користи и како термин за прикажување филм на телевизија – TRANSMISSION
Процес на изработка на негатив-позитив лента – NEGATIVE-POSITIVE PROCESS
Подготовка за постпродукција на звук и слика; миксување на одредени делови од звукот, на пример дијалог, „фоли“, шумови – PRE-DUBBING
Подвижен мост, кран – OVERHEAD CRANE
Повремено замаглување, треперење предизвикано заради положбата на филмот во капијата (на аналогната камера) – BREATHING
Повторно снимање тон – RE-RECORDING
Повторување на кадарот или сцената – RETAKE
Подекспозиција, филмска лента која не била доволно долго изложена на светло за да добие соодветен контраст, се добива впечаток дека е матна – UNDEREXPOSED
Позадина, заден план – BACKGROUND
Позадински план – BACKGROUND SET
Позадинска проекција – BACK PROJECTION
Позадинско светло кое паѓа на предметите кои се појавуваат како силуети или во полутемина – BACKLIGHTING
Полнење – FILL UP
Полирање, чистење на филмската копија – POLISHING OUT (A PRINT)
Полуопшт план – MEDIUM LONG SHOT (кратенка: MLS)
Полупречник – GAUGE
Постапка во која елементите (светло, звук и движење) делуваат синхронизирано во визуелната рамка на филмот – BALANCE
Почеток на снимањето филм, „прва клапа“ – FIRST SHOOTING DAY

Почетна филмска лента – LEADER
Почетна книга на снимање – PRELIMINARY SHOOTING-SCRIPT
Правила на безбедност – SAFETY REGULATIONS
Преголема експозиција, прегорена нитка – BURN OUT
Прекин, рез (промена во аголот на камерата, нејзината поставеност, локацијата или времето); „кат" – извик со кој се означува прекин на снимањето – CUT
Прекинувач – SWITCH
Премиера, прво прикажување – PREMIERE
Претопување („прелаз" – ср.-хр.) што се врши за време на копирање на филмската лента во лабораторија – LABORATORY FADE
Претпремиерно прикажување – PRE-RELEASE
Прибор за камерата – ACCESSORIES
Прилагодување, адаптација – ADAPTATION
Прилагодувач – ADAPTOR
Прикажување филм пред деловни партнери – TRADE SHOW
Природна светлина што е достапна на локација надвор од поставен сет; без употреба на вештачка светлина се добиваат пореалистични снимки – AVAILABLE LIGHT
Прва (колор) копија – ANSWER PRINT
Прва (воведна) снимка на новата сцена која ја запознава публиката со просторот каде што ќе се одвива дејствието – ESTABLISHING SHOT
Привремена тонска (филмска) копија (перфорирана лента) – GUIDE TRACK
Преден, прв план – FOREGROUND
Предзасилувач – PRE-AMPLIFIER
Премиера на филмот – FIRST RELEASE
Премонтирање, повторно монтирање – RE-EDIT
Премотување, премотувач – REWIND(ER)
Премногу контаст – SOOT AND WHITE WASH (sleng)
Премногу контраст – TOO CONTRASTY
Премалку контраст – TOO SLIGHT A CONTRAST
Претопување, премин од една во друга секвенца – DISSOLVE
Претопување (во круг); премин меѓу две сцени со постепено затемнување (замаглување) на првата и осветлување (појаснување) на втората – LAP DISSOLVE
Прикажување филм – SCREENING
Примерок – SPECIMEN
Проба (на филмски сет) – REHEARSAL
Пробно парче на филмска лента – TEST STRIP
Програмирање на филмот на слепо – BLIND BOOKING
Прозирен екран – TRANSPARENT SCREEN
Процес на забавување на брзината на кадрите – UNDERCRANKING; види и под FRAMES PER SECOND (F.P.S.), FRAME RATE

„Пушпул“ снимање на тон-негатив – PUSH-PULL SOUND RECORDING
Пружина – SPRING

Р

Работна копија – WORKING PRINT
Работен наслов – WORKING TITLE
Работна проекција – SCREENING OF THE RUSHES
Работна (посредна) позитив копија – INTERMEDIATE POSITIVE
Работна (посредна) негатив копија – INTERNEGATIVE
Работна копија; се користи да се прегледаат снимените слика и тон – RUSHES
Работен, привремен наслов на филмот – PROVISIONAL TITLE
Работно сценарио понудено на филмските студија – SPEC SCRIPT
Работници одговорни за поставување на осветлување и скелиња на филмски сетови – RIGGER
Раздвоени тонска и филмска лента; се користи и терминот „цвај банд“ (од германскиот zwei band – две групи, двоен) – UNMARRIED PRINT
Распоред на имињата на актерите и членовите на екипата на шпицата на филмот – BILLING
Растојанието меѓу елементите во преден план и позадината на снимањето што се појавуваат со остар фокус – DEPTH OF FIELD
Разработка на детален план за снимање – BREAKDOWN
Распоред на филмските проекти во продукцијата – PIPELINE
Рачно нацртан лист, рамка за анимација, обично на хартија – CEL
Регуларна снимка, фотографија – SNAPSHOT
Рез или премин меѓу два неповрзани објекти за да се воспостави физички или метафоричен континуитет или споредба (познат и како graphic match) – MATCH CUT TO
Реквизити, прибор за снимање во филмско студио – PROPERTIES
Рекламен филм – ADVERTISING FILM
Репортажно возило – MOBILE RECORDING UNIT
Рефлектор, рефлектирачки екран – REFLECTOR
Ролна (филмска), калем – REEL
Рушење на замисленият „четврти ѕид“ (кога филмскиот лик директно им се обраќа на гледачите) – ASIDE

С

Свежа (прва) копија – GREEN FILM
Светло што шири светлина во форма на лак – ARC LAMP
Светломер – EXPOSURE METER
Светлосен сноп – BEAM
Серија од кадри коишто се случуваат на една локација и се занимаваат со едно дејствие - SCENE
Син екран (познат и како зелен екран), сина или зелена позадина пред која

се снимаат актерите; подоцна празниот екран може да се пополни со дигитално генерирани слики за да се заврши позадината – BLUE SCREEN
Синопсис, скица – SYNOPSIS
Синхронизатор, маса за синхронизација – FOURWAY WINDER
Синхронизиран, синхронизација – SYNC(HRONISATION)
Синхроност – SYNCING
Систем на снимање во колор кога се одзема поединечната боја на светлото за да се добие точната температура на светлото – SUBTRACTIVE COLOUR SYSTEM
Систем за колор снимање, со употреба на трите основни бои – црвена, сина и жолта – TRICOLOUR SYSTEM
Систем за колор снимање, со употреба на две основни бои – TWO COLOUR SYSTEM
Ситнозрнест – FINE GRAIN
Ситнозрнеста лента – FINE-GRAIN STOCK
Сјајност – BRILLIANCE
Скалило, дијапазон – GAMMA
Складиште за филмската лента – VAULT
Слободен филмски професионалец, автор – FREE-LANCE
Слој, „лежач" – LAYER
Снабдување; реквизити – SUPPLY
Снимател – CAMERAMAN
Снимање – SHOOT
Снимање (филм) – FILMING
Снимање музика – MUSIC RECORDING
Снимање слика по слика – SINGLE-FRAME EXPOSURE
Снимање во екстериер – EXTERIOR SHOOTING
Книга на снимање, финално сценарио според кое се снима филм – SHOOTING SCRIPT
Снимка (кадар) која трае откако камерата ќе почне да снима, па сè додека не престане – SHOT



Снимање тон – RECORDING
Снимање тон (двојно) долж двата раба на филмската лента – RECORDING DOWN BOTH EDGES OF FILM
Снимање тон (обично) долж едниот раб на филмската лента – RECORDING DOWN ONE EDGE OF FILM
Снимање слика по слика – SUCCESIVE FRAME EXPOSURE
Снимање на коментарите, нарацијата – RECORDING OF THE COMMENTARY
Снимање од гледна точка на актерот, за да му покаже на гледачот што гледа ликот – POINT OF VIEW (POV)
Снимање за позадинска проекција – BACK PLATE
Снимање на една иста сцена со неколку различни F-stops (оптички систем што ја одредува брзината на леќата; познат и како focal ratio, f-ratio – фокален сооднос, ф-сооднос) - BRACKETING
Снимање наназад – REVERSE ACTION
Снимање слики во секунда; сцените снимени со поголема брзина на снимање изгледаат забавени кога се проектираат, додека сцените снимени со поспора брзина се прикажуваат неприродно брзо кога се проектираат – FRAMES PER SECOND (F.P.S.), FRAME RATE
Снимање звук од променливо подрачје – VARIABLE-AREA SOUND RECORDING
Снимање звук со променлива јачина – VARIABLE-DENSITY SOUND RECORDING
Снимателска екипа – CAMERA CREW
Снимка во која хоризонтот не е паралелен со долната рамка – DUTCH TILT
Снимка од камера на кран – CRANE SHOT
Снимка со исклучителна длабочина на полето – DEEPFOCUS SHOT
Снимање со движење на камерата нанапред – FORWARD ACTION
Снимање слика (на кадар) по слика – FRAME-BY-FRAME EXPOSURE
Снимање со филмска лента (многу брзо, преку 250 слики во минута) – HIGH-SPEED CINEMATOGRAPHY
Снимка во која камерата физички се оддалечува од субјектот (одзумирање) за го прикаже потполниот контекст на сцената – PULL BACK
Снимка на макета – MODEL SHOT
Снимка во која камерата се движи кон објектот, го зумира, спротивно на pull back; – PUSH IN
Собирање на црвената, зелената или синатa боја – ADDITIVE COLOUR PROCESS
Создавање илузија на филмски лик кој гледа кон некој објект со рез меѓу два кадри - EYELINE MATCH
Спојување (уредување) на сите снимки според редоследот на сценариото; прв чекор во процесот на монтажа – ASSEMBLY
Спој – JOIN
Спојување, лепење – JOINING
Спој на филмска лента (со лепење на две парчиња) – SPLICE
Споени леќи – FLORENTINES
Спот, концентрирано светло од рефлектор - SPOT

Средиште, срцевина – CORE
Средиште на светлото, нишка (влакно) од сијалица – FILAMENT
Среден план (на кадарот), актерот е снимен најчесто над појасот, им овозможува на гледачите да го видат јазикот на телото, но не и изразите на лицето – MEDIUM SHOT (MS)
Средно крупен план – MEDIUM CLOSE SHOT (MCS)
Ставка, артикл, предмет; единечна ставка од листа, колекција или сет – ITEM
Стандард за ТВ/видеоприказ во САД и Канада кој испорачува 525 линии на резолуција на 60 полурамки во секунда – NTSC
Статисти – EXTRAS
Статив, трикрак статив – TRIPOD
Стеснување и проширување на рамката за да се постигне соодветен сооднос (ratio) за сцената – DYNAMIC FRAME
Сториборд, низа од цртежи (најчесто во форма на стрип-табла), креирани за да ја опишат секоја сцена во филмската продукција, обично ги покажуваат аголот и движењето на камерата, местоположбата на актерите и големината на кадарот – STORYBOARD



Страна (на филмската лента) со емулзија – EMULSION SIDE
Странична расвета – BROADSIDE
Стробоскопија, впечаток на задоцнета перцепција на светлото – STROBOSCOPY
Струја, струен напон – POWER
Студиски рефлектори – SUNLIGHTS
Студиски (голем) простор во кој можат да се изградат сложени сетови – SOUNDSTAGE
Субвенција, помош – SUBSIDY
Сцена – FLOOR
Сценарио, напишано за да се сними како филм – SCREENPLAY
Сценарист, лице кое пишува оригинални сценарија или адаптира приказни за филм – SCREENWRITER

Т

Телекино (уред за префрлување на филмска лента во телевизиски формат за емитување) – KINESCOPE
Телеметар (мерач на далечина) – RANGE-FINDER
Телеметар, мерач на оддалеченост – TELEMETER
Телевизиско снимање – TELERECORDING
Телеобјектив, тесноаголен (долгофокусен) објектив – TELEPHOTO LENS
Темна комора – DARK ROOM
Техничка шпица (кредити на филмски техничари) – TECHNICAL CREDITS
Титлување, испишување натписи – SUB-TITLING
Тонска лента – TRACK
Тотал (план) – TOTAL
Траење на филмот во минути – RUNNNIG TIME
Транзиција, премин (порано често користен српско-хрватскиот термин „преласз“); филмски стил во кој се спојуваат и се надополнуваат снимките и сцените – TRANSITION
Транспортни трошоци – CARRIAGE
Транспортни трошоци - TRANSPORT COSTS
Трансформатор – TRANSFORMER
Трансформатор за намалување на напонот – STEP-DOWN TRANSFORMER
Трансформатор за зголемување на напонот – STEP-UP TRANSFORMER
Треперење на сликата (на филмската лента) – FLICKERING
Трик-маса (пулт за снимање ефекти) – ROSTRUM CAMERA
„Тритмент“, скратено сценарио, подолго од синопсис; се состои од резимеа на главните сцени од предложениот филм, може да содржи и делови од дијалозите – TREATMENT
Тродимензионална слика – 3-D

У

Улога - PART

Употреба на светла за да се добие бело светло – ADDITIVE (COLOR SYSTEM)

Ф

Фаза – PHASE

Фар снимка – TRAVELLING SHOT

Филаж/бришечка панорама (толку брзо панорамско снимање што призорот не може да се препознае, туку предметите и ликовите се претопуваат во една „размачкана" линија) – FILAGE (*терминот е од францускиот јазик)

Филм – MOTION PICTURE

Филм – PICTURE

Филмска камера – CAMERA (film-)

Филмско образование (образување) – FILM APRECIATION

Филмски архив, кинотека – FILM ARCHIVE

